Слободан ЦВЕЈИЌ

# МЕРИТОКРАТИЈАТА: ПРОБЛЕМОТ НА СЕЛЕКЦИЈАТА ВО ОПШТЕСТВЕНАТА ПОДВИЖНОСТ

## АПСТРАКТ

Во овој текст станува збор за концептот на меритократијата во неговото значење за проучувањето на општествената подвижност, општествените нееднаквости и одржливиот развој. Меритократијата се дефинира како „владеење на способни“ и се набљудува како клучен механизам на општествената селекција во индустриските и постиндустриските општества. Се опишува содржината на концептот и се прави дистинкција меѓу неговите аналитички и нормативни функции.

Теорискиот контекст во кој најчесто се одвива анализата на општествената подвижност подразбира одреден пристап кон проблемот на стратификацијата и став кон затворањето на општествените класи, односно мерење на протокот низ општествената структура. Одговор на прашањето зошто затворањето на општествените класи е проблем и зошто е пожелен висок степен на проток низ општествената структура во повеќето текстови се подразбира и не се наведува експлицитно. Во контекстот на анализите на општествената подвижност може да се препознае консензус околу премисата дека отвореноста на општествената структура и слободниот проток на поединците низ општествената хиерархија овозможуваат селекција на најспособните и најпродуктивните членови на општеството на позиции од кои се контролираат најважните ресурси во општеството. Освен тоа, на овој начин се отежнува саморепродукцијата на класите и со самото тоа се ослабува главниот предуслов за појава на класен судир. Овие претпоставки добиваат посебна вредност во современиот капитализам, кога доаѓа до рекомпозиција на класата на врвот. Во современиот капитализам сопственичката класа го губи значењето, а извршните менаџери добиваат сè поголема улога во контролата и во управувањето со ресурсите. Со самото тоа, и во највисоката класа ослабува значењето на наследувањето (имот) како основа за заземање положба во општествената структура и, во најмала рака, се афирмира уште еден рамноправен принцип на класно конституира-

ње, а тоа е стекнувањето знаења и вештини неопходни за управување со современите технолошки, финансиски и организациски системи. Ако уште се земе предвид дека многу често доаѓа до спрега на овие два принципа, наследување и стекнување, било преку поединечно достигнување (оние кои располагаат со имот наедно се стекнуваат и со квалитетно образование) или преку конституирање на општествени мрежи од професионално до семејно ниво, јасно е дека начелно на секој член на општеството му се отвора можност за влез во најголемата класа (за општествено-структурната концентрација и дистрибуција на тие можности нема да зборуваме на ова место).

Сложениот процес на селекција преку афирмација на наследените и стекнатите способности и знаења во науката чинат една препознатлива целина. Во теоријата овој процес е означен со поимот *меритократија* кој се изведува од поимот *мерит* (заслуга) и значи владеење на заслужни. Заради стереотипот поврзан со поимот *заслуга* во социјализмот, каде што заслугите првенствено значеа идеолошки легитимитет во процесот на општествената селекција, овој термин го преведувам со изразот *владеење на способните*. Меѓутоа, може да се каже дека употребата на поимот *меритократија* во општествената наука сè уште не е еднозначна. Неговата хевристичка вредност е несомнена, бидејќи тој обележува еден агол на гледање на општествената подвижност, оној во кој овој процес е препознат како сложен механизам на општествената селекција на најважните позиции во државата и во стопанството.

Повеќето истражувања на општествената подвижност се занимавале само со едниот крај на скалилото на подвижноста, со оној на кој постои тенденција за ослабување на протокот. Проблемот на постоење граница на отвореноста или, да кажеме, мерки за оптимална отвореност, дури од неодамна им станува интересен на истражувачите на општествената подвижност. Додека, од една страна, би можело да се каже дека на класното затворање (намалување на општествената подвижност), како на еден од предусловите за класен судир, концентриран марксистички пристап, проучавањето на критериумот за постепено напредување низ општествената структура обично подразбира повеќедиференцирана стратификациска шема и отсуство на антагонизам меѓу стратумите, што е одлика на функционалистичкиот пристап. Освен теориски, поимот меритократија буди и идеолошки контроверзи (проблемот на праведноста при селекцијата), како и методолошки (проблемот на критериумот при селекцијата). Поради наведените причини, се чини упатно разгледувањето на реалната можност за употреба на овој поим при проучувањето на општествената подвижност.

Самата идеја за општествена подвижност е поврзана со премин од принципот на наследување кон принципот на стекнување во доменот на општествената стратификација. Во феудализмот поединците во најголем број случаи, од генерација на генерација, доаѓале на иста структурна позиција како и нивните татковци, наследувајќи наедно и одреден имот и одредени права и на тој начин била заштитени од пад на пониска позиција (феудалците) или спречени во подемот на повисока позиција (кметовите), без оглед на своите способности, на вложениот труд и сл. На овој начин, релативната економска стагнација исто така била здружена со општествената крутост во поглед на стратификациските системи (Crompton, 1998: 2). Во развиениот капитализам технолошките иновации и пазарот стануваат погон на општествениот развој и структурните бариери стануваат неусогласени со потребата од економски раст. Ефикасноста и организираноста, како основни принципи за успешно функционирање на капиталистичкото стопанство, бараат најспособните, најквалификуваните поединци, да заземат клучни позиции во стопанството и во општеството. Во таа смисла, принципот на селекција на тие позиции претставува една од клучните динамички оски на општествениот погон. Меѓутоа, постои уште една важна димензија на меритократскиот модел: како што капиталистичкото уредување и либералните идеи стигнувале интегрално, така и структурната општествена подвижност добива и своја вредносна страна. Позиционирањето во рамките на одредена општествена класа се препознава како еден облик на индивидуална слобода, а можноста за хиерархиски подем или, пак, пад, како облик на социјална правда.

Беше потребно одредено време поимот општествена подвижност да се кристализира во социолошката теорија и во социјалната мисла воопшто. Откако капиталистичкиот општествен поредок опфати голем број општества во западната хемисфера и заживеа во својата индустриска форма, конституирањето и репродукцијата на основните општествени класи станаа доволно стабилни за да им бидат достапни принципите на овие процеси на истражувачкото око. Меѓутоа, од Сорокиновата студија за општествената подвижност поминаа уште неколку децении додека концептот за слободно и праведно структурно позиционирање не доби свој појмовен облик. По првото појавување во „прославената социолошка фантазија“ (Breen and Goldthorpe, 2000: 3) на Мајкл Јанг *Подемот на меритократијата* (Young Michael, 1958: *The Rise of Meritocracy*, Penguin, Harmondsworth) поимот на меритократијата прва социолошка разработка доби во книгата на Даниел Бел (Daniel Bell) *Постиндустриско општество*. Според оцената на Брин и Голдторп, дури тогаш Бел го искажа

типичниот либерален пристап, ги превидел критичките квалитети на Јанговата книга и меритократијата ја сфатил како идеал.

Значи, меритократскиот принцип на општествена селекција има и своја идеолошка страна. Отворањето на патот на способните и вредните и оневозможувањето на пристапот на неспособните и мрзливите до клучните општествени позиции станува клуч на легитимацијата на општествените нееднаквости. Без оглед на своето класно потекло, секој поединец треба да биде привлечен од општествената позиција на класата на врвот, односно да биде потиснат од општествената позиција на класата на дното вложувајќи максимален напор да ги развие своите квалификации во функција на општествен раст, а државата да ги употреби неговите способности и напорот во тој правец. Во таа смисла, *заслугите* за животните услови, начинот на живеење и општествениот потенцијал на различните општествени слоеви им се припишуваат на индивидуалните способности, додека на општествените институции, на државата, особено, им се припишува прилично пасивна улога и лимитирано значење. Вака сфатена, меритократијата репродуцира либерален концепт на еднаквост, а тоа е еднаквост во можностите. Колку што пристапот е поортодоксно либерален, толку одговорноста за резултатите од учеството во сложениот и долготраен процес на општествена селекција е префрлен на поединецот. Розмери Кромптон пронаоѓа врска меѓу неолибералната аргументација, која се одвива на идеолошкото поле, и на функционалистичкото сфаќање на стратификацијата, кое се одвива на теориското поле, притоа цитирајќи ги Дејвис и Мур (Davis K. and Moore W.E., 1945: *Some principles of stratification*). Општествената нееднаквост, според Кромптон, претставуа *несвесно развиено орудие со кое општествата се осигураваат дека најважните позиции трудољубиво се пополнуваат со најквалификувани личности* (Crompton, 1998: 6). Апологиската, идеолошката страна на поимот меритократија го отежнува јасното дефинирање на неговата конкретна содржина и, всушност, на овој план денес во светската, пред сè во британската социологија, се води најжестока дебата околу меритократијата.

Доколку поимот меритократија го ослободиме од идеолошки конотации и се фокусираме на компонентата на селекцијата, се поставува едно реално прашање: Дали овој модел е својствен и соодветен само на либералните капиталистички држави? Фактот дека една од клучните причини за нарушување на европскиот социјализам била економската стагнација и организациската неефикасност, т.е. дека во низата социјалистички општества во Европа, одреденото ниво на образование (стручност, квалификација), во најмала рака, претставувало еднакво важен критериум за селекција, како и за политичка легитимација. Тоа зборува дека во сите развиени индус-

триски општества постои инхерентна потреба за меритократ модел на селекција. Проблемот во социјализмот беше во тоа што крахот на технократските струи пропаднала можноста овој прин да се пренесе и во политичката сфера. На овој начин, државата ос нала надредена на стопанството и ги слабеела импулсите на екон скиот раст, наместо да стане негов сервис. Ова макросистемско н е место на кое теоријата на конвергенција губи моќ, но остан констатацијата дека меритократијата има поширок опсег од разв ниот либерален капитализам.

Дури и ако го оставиме настрана вака екстремно различн систем, како што е социјалистичкиот, а да останеме на ниво на м роанализата, можеме да го свртеме вниманието, на пример, на со јалдемократските држави во Скандинавија. Во осумдесеттите год на минатиот век овие држави ја искусиле кризата на економск раст, со што во прашање бил доведен целиот социјалдемократ модел. Се смета дека една од главните причини за оваа криза е п големата цена на државата на благосостојба. Таа цена не се м само со економски, туку и со пошироки социјални мерила. То слабеењето на критериумот за општествена селекција, поради п големиот општествен протекционизам, индиректно водело до оп пад на ефикасноста. На тој начин, политиката, која како резул требала да има подобрување на селекцијата низ овозможување рамноправен пристап до културните и економските ресурси, го п мина критичниот праг и стана контрапродуктивна, развивајќи, ба на еден крај од стратификациската скала, пасивизам и стагна (Sorensen: 1998).

Прифатлива е аргументацијата дека во современиот свет систем на национални економии или во помали економски систем организациии може да се оствари економски раст и врз основа други стратегии, а не првенствено градејќи ефикасен систем на шествена селекција. Меѓутоа, мора да се нагласи дека таа можн важи пред сè за специфични историски контексти, за карактерист ни комбинации од ресурси, за спекулативни развојни стратегии. развој на стабилни општествени и стопански организации и дол рочни развојни стратегии неопходно е конституирање на ефика принцип на општествена селекција.

На ова место треба да се разгледа проблемот на компонент на меритократската селекција. Во време на обемната структу подвижност, која прво го следеше развојот на масовното индуст ско производство, а потоа преодот во постиндустриска фаза, сте нот на образование (образованието како критериум) кој најјасно одвојувал работниците од фармерите и потоа белите од сините ја се наметна како основен критериум за избор на најспособни

Меѓутоа, ширењето на високото образование набрзо довело до универзализација на овој критериум, па се појавиле и други компоненти чија валидност е потврдена и по пат на нови барања на пазарот на трудот. Денес е веќе општо познато дека работодавците, освен одреден степен на образование, бараат и дополнителни вештини, но и одредени особини на личностите (упорност, екипна работа, работа под оптоварување). Затоа не чуди тоа што и во социолошките истражувања аналитичарите користат и дополнителни компоненти во анализата на критериумите за меритократската селекција. Најчесто вниманието им се подарува на вродените способности искажани со степенот на интелигенција, мерени со некои од стандардните тестови и вредности (вложен труд), најчесто мерени на ниво на ставот кон работата и пожртвувањето (Saunders: 1997). Тешко е да се спори значењето на овие елементи. Потемелниот проблем лежи во прашањето: дали е непродуктивно, неефикасно и, во крајна линија, неправедно да се третираат наследените предности на некој поединец (богатство или општествена положба кон која се надоврзува социјалниот капитал на родителите) како *заслуѓи*? Некој работодавец може деловните врски на таткото на одреден кандидат за вработување да ги додаде на неговата обученост за одредена работа и, при селекцијата, оваа негова наследена особина да ја третира како најважна заслуга која го квалификува за вработување во таа фирма. Уште пореален е примерот дека во ситуација во која две лица со исто образование си конкурираат едно на друго, предност добива она лице кое има некој соодветен наследен карактер, а притоа тоа не е интелигенцијата. Ако од индивидуален пример се кренеме на општо ниво, ова прашање има малку поинаква форма: Дали е неправедно, а неефикасно сигурно не е, социјалниот капитал, па макар и наследен, да има еднаква тежина при селекцијата како и културниот (образованието, ставот кон работата, па и однесувањето на работа) и симболичкиот (интелектуалните способности)? Тоа, всушност, е и суштината на спорот околу меритократијата. Сите се согласуваат околу тоа дека е праведно на сите членови на општеството да им се овозможи квалитетно образование и дека тоа е корисно од аспект на развојот на социо-културниот капитал во општеството, па нека поспособните, врз основа на вродените квалитети, ги заземат подобрите позиции. Меѓутоа, дали е праведно потомците на припадник на средните слоеви да влегуваат во натпревар врз основа на социјалниот капитал на своите родители? Или, уште попрецизно, како да се спречи помалку способните потомци од средната класа да ги истиснат од натпреварот талентираните потомци припадници на пониските слоеви. Ако одново го оставиме настрана прашањето за праведноста и ако дури не го оспориме правото на припадниците на сред-

ните слоеви на своите потомци да им пренесат одредени особини і им даваат предност при селекцијата (рано насочување на квалитет образование, негување на фаворизирачките вредности, развивање посебни пазарни фаворизирачки вештини)[1], суштината на пробле ќе се пронајде во фактот дека целото општество ќе биде во заг ако на децата од пониските слоеви не им се создаде можност да покажат и да ги развиваат своите вродени способности и подоцна имаат рамноправна проодност на пазарот на трудот.

Кој е тој механизам со кој ќе се решава овој проблем? Има принцип на селекција на макрониво, кој е обележан со барањата ефикасност и праведливост и имаме низа микроситуации во і работодавците прават селекција при вработувањето според сво потреби. Што може овие две нивоа да ги поврзе во складна цели Според неолибералната концепција, пазарот на трудот би требало го регулира целиот процес. Насоката на развојот на стопанств одредува потреба за соодветни квалификации и квалитети, а об зовните установи, за да опстанат економски, мораат да пону таков *производ* на пазарот на трудот. Современите технологи современата организација со самото тоа имаат пресуден збор поставувањето на критериумите за селекција. Денес и социјалн капитал (или, барем техниките за негово стекнување), кој прето вува еден дел од спорот околу меритократијата, е компонента системот на високото образование. Меѓутоа, одбележав дека опс нокот на еден економски систем или организација зависи од н микрооколности (па некогаш и макро-, на пр., глобалната енерг ска криза, потресите на финансискиот пазар) и дека економск ефикасност и социјалната правда може да одат во спротивни насо или дури една на сметка на друга. На компанијата не ѝ одговара најспособниот стручњак ако е скап, ниту најефтиниот работник не е доволно квалитетен. Според теоријата на маргинални трошо оптимален е оној кандидат кој го максимизира профитот (учинок Ваквата сметка може да зависи од низа околности, но, во кра линија, може да има лоши последици за сите учесници во процес Да земеме повторно еден проблем на макрониво. *Одливот на мо ците* е резултат од дејствување на теоријата на маргинални трош на глобален план. Одредени општества со развиена политика социјална грижа вложуваат во системот на образование и со м

---

[1] Не е реткост автори да застапуваат став дека со паралелна општествена и лошка репродукција и селекција предностите на позицијата на средната класа во која следна генерација ќе бидат и вродени, т.е. дека децата од средната класа о нерација во генерација покажуваат подобри вродени предиспозиции (на пр., S ders, 1997).

индивидуални, но големи општествени трошоци произведуваат квалитетан човечки капитал. Затоа што на пазарот нема ограничувања, компаниите од развиените стопанства може да добијат квалитетни кандидати со помал трошок отколку на домашниот пазар на работна сила. На овој начин добиваат само компаниите. Нововработениот добива само краток период, бидејќи набргу започнува да ги дели економската позиција и системот на вредности на новата средина врз која влијаел со своето доаѓање на тој начин што ја снижува материјалната положба на својот општествен слој и модификува вредносен систем во смисла на засилување на изолационизмот. Меѓутоа, и изворот на евтин и квалитетен хуман капитал се девалоризира, бидејќи социјалните држави повеќе не можат да го издржат губитокот настанат од големи вложувања во образованието со мал повратен ефект. Овде е очигледно потребно стратешко планирање и заради тоа е нормално образованието да не биде целосно препуштено на диктат од пазарот, туку тоа, како основа на социо-културниот капитал да биде третирано како витална функција на општеството и, со самото тоа, моделирано во интеракција на државата и стопанството. Начинот на кој компаниите во тој случај можат да ги намалуваат трошоците е да развиваат интерен пазар на трудот, но истражувањата покажале дека и тој модел знае да стане прескап за компаниите, бидејќи работниците во чие образование е вложувано внатре во компанијата почнуваат да се однесуваат *рентиерски* во однос на компанијата тогаш кога ќе проценат дека на компанијата и станува сѐ потешко да се откаже од нив заради тоа што вложила во нив.

Поради наведените причини, се чини дека вниманието на истражувачите треба да биде насочено кон образованието и кон рамноправниот пристап на сите членови на општеството кон него. Остварувањето на еднакви можности за стекнување со образование на сите нивоа овозможува праведна и ефикасна селекција на најспособните и рамноправан влез на пазарот на трудот, бидејќи образованието не е линеаран процес, *црна кутија*, тоа е *главно поле на општествената селекција...* (Lockwood, 1995: 10), негова важна функција е и натпреварот преку кој се искажуваат и одредени морални, а не само интелектуални квалитети.

Уште еден проблем станува воочлив во аналитичката реконструкција на правецот на општествената селекција во современото општество. Овој проблем е поврзан со улогата на средната класа. Гледано од аголот на овој труд, нејзината улога е двосмислена. Од една страна, средната класа со својот обем и улога ја претставува структурната основа на современите развиени општества (Lockwood, 1995: 1, 3) и резервоар за регрутација на повисоките класи. Како таква, таа има тенденција на класно формирање (консолидирање),

што, меѓу другото, значи и класна саморепродукција. Нејзи членови, значи, настојуваат на своите потомци да им создадат усл за подобро школување и за заземање на позиции на кои и самит наоѓаат, со што неминовно се создава социјална (класна) бар пред припадниците на пониските класи. Ваквото фаворизирањ своите потомци директно ѝ противречи на втората улога на сред класа, а тоа е улогата на медиум за проток до врвот на општес ната скала. Исполнувајќи една функција (стабилност на систем таа ја загрозува другата (слободната селекција на елитните пол би), со што посредно се дефинира границата на меритократс принцип. Со тоа се добива емпириски одговор на теориското шање за границите на меритократијата, т.е. дали е можна *соври подвижност*? (Swift, 2004), а одговорот е негативен, т.е. границит меритократијата се релативни во однос на даден реалноистор контекст.

Претходно споменавме дека критериумот за одредување на способнијите членови на општеството е веќе доведен во праша Треба да се нагласи дека овој критериум е променлив и дека зав од степенот на развиеност на општеството и од улогите на образ нието во репродукцијата на системот. Во современото општество кое знаењето и информациите имаат исклучително развојно зна ње, формалното образование сè повеќе станува заеднички имени а сè помалку јасен критериум за општествена селекција.[2] Различн дополнителни и специјалистички знаења и вештини многу че имаат одлучувачка улога при селекцијата и сè почесто се пре знаени како составен дел на вкупното образование. Со самото то поместува и оптималната точка на интерсекцијата на ефикасност општествената праведност во подвижноста. Освен поимот за це животно образование, и концептот на меритократијата има пом тен, поубаво кажано, проширен фокус. На планот на истражувањ потребно е мерните инструменти да се приспособат на ваквиот тр и да се регистрираат сите знаења и вештини со кои испитани располага во случај тоа да не може да биде потврдено единствено школска диплома.

На ова место доаѓаме до важен момент во процесот на опш ствената селекција. Се работи за разликата меѓу стекнатите и реа зираните знаења и вештини, за потврденоста на одредени спосо ности во практиката. Само во практиката може да се препозна одредени квалитети кои се потребни за повисоките управувачки

---

2 Се зголемува бројот на развиени држави во кои учеството на високообразов надминува 30 %.

зиции. Не се работи само за искуство кое се стекнува низ повеќегодишна вработеност и кое е скапоцено за секое занимање, туку за афирмација на индивидуалните способности кои даваат дополнителен квалитет во управувањето со системите и процесите. Поради тоа што многу техники и вештини на управување денес се предмет на формалното образование во соодветната област, овде пред сè се работи за карактеристики кои ги издвојуваат успешните раководители на висок ранг. Тие означуваат зона на послаба формализација на процесот на селекција и, со самото тоа, зголемена осетливост на проблемот на социјалната праведност. Токму од тоа ниво на општествена хиерархија концептот на меритократијата полага вистински тест. А токму тоа е точката на која денешнава дебата за меритократијата нè остава нас без материјал. Всушност, проблемот е во моделот на општествената структура кој го користат авторите во своите анализи. Се работи за славната Голдторпова класна шема од 7 нивоа, која е хоризонтална и класните позиции не ги реди по ниво на општествена моќ, по углед или материјална положба иако се концетрира на нив (Erikson and Golthorpe: 1992). Всушност, таа речиси би можела да се користи и на хиерархиски начин, да не постои еден проблем. Се работи, всушност, за тоа дека во првата класа, која ја сочинуваат важните, одговорни раководечки положби, оние околу кои најмногу се концентрира општествена моќ, капитал и углед, не се одвоени од ниските раководни положби, па така не може ни да се анализира подвижноста од ниските кон повисоките, како ни критериумот за селекција во тој процес.

Поради претходната причина, и концептот на меритократијата останува недоречен и подложен на идеолошка интерпретација. Онака како што денес е превладувачки користен, тој опфаќа само еден дел од процесот на општествена селекција, додуша не помалку важен. Би можело да се каже дека неговиот фокус е насочен кон селекција во средната класа. Во периодот на преодот во постиндустриско општество, оваа селекција имала витално значење за репродукцијата на системот. Владеењето со комплетот основни системски и управувачки знаења стана стандард на таа селекција и формалното образование во тие области бил јасен критериум за влез во средната класа. Обемот и/или специјализираноста на тие знаења овозможувале натамошна, пофина селекција внатре во средната класа.

Од аспект на овој труд битно е да се нагласи дека концептот на меритократијата содржи доволно јасни теориски и емпириски елементи кои дозволуваат негова употреба вон идеолошки и нормативен контекст. Овој концепт означува систем на општествена селекција, кој подразбира отворена класна хиерархија и слободен проток низ општествените слоеви, кој се засновува, пред сè, врз еднаквиот

пристап до образованието и до пазарната (утилитарна) селекција на чевечките ресурси. Поради тоа, и успешноста на постсоцијалистичките трансформации на општествата на Централна и Источна Европа во еден дел може да се мери и со степенот на оформеност на меритократскиот принцип за општествена селекција (Večernik, 1996: 14).

Превод од српски:
*Љупчо Митревски*


SUMMARY

In this paper the author is looking through the concept of meritocracy and its significance for the study of social mobility, social inequalities and sustainable development. Meritocracy is defined as the "rule of the skilled" and is viewed as the key mechanism of the social selection in the industrial and post-industrial societies. The author describes the content of the concept and makes a distinction between its analytic and normative functions.


## ЛИТЕРАТУРА


Bell D., 1973: *The Coming of Post-Industrial Society*, Basic Books, New York.

Breen R. and Goldthorpe J.H., 1999: „Class inequality and meritocracy: a critique of Saunders and an alternative analysis", *British Journal of Sociology*, Vol. 50, No. 1, 1-27.

Breen R. and Goldthorpe J.H., 2000: „Class, Mobility and Merit: The Experience of Two British Birth Cohorts", manuscript to be printed in *European Sociological Review.*

Butler T. and Savage M., eds. 1995: *Social Change and the Middle Classes*, UCL Press, London.

Crompton R., 1998: *Class and Stratification*, Polity Press, Cambridge.

Erikson J. and Goldthorpe J.H., 1992: *The Constant Flux: A Study of Class Mobility in Industrial Societies*, Clarendon Press, Oxford.

Goldthorpe J.H. and Marshall G., 1992: „The Promising Future of Class Analysis: A Response to Recent Critics", *Sociology,* 26: 381-400.

Lockwood D., 1995: „Marking out the middle class(es), in Butler, T. and M. Savage", eds. *Social Change and the Middle Classes*, UCL Press, London.

Marshall G. and Swift A., 1996: „Merit and Mobility: A Reply to Peter Saunders", *Sociology*, Vol. 30, No. 2, 375-386.

Mills C., 1995: „Managerial and Professional Work-Histories, in Butler, T. and M. Savage", eds. *Social Change and the Middle Classes*, UCL Press, London.

Petersen T., Saporta I. and Seidel M.L., 2000: „Offering a Job: Meritocracy and Social Networks", *American Journal of Sociology*, Vol. 106, No. 3, 763-816.

Saunders P., 1995: „Might Britain Be a Meritocracy?", *Sociology*, Vol. 29, No. 1, 23-41.

Saunders P., 1997: „Social Mobility in Britain: An Empirical Evaluation of Two Competing Explanations", *Sociology*, Vol. 31, No. 2, 261-288.

Savage M., 1995: „Class analysis and social research, in Butler, T. and M. Savage", eds. *Social Change and the Middle Classes*, UCL Press, London.

Sorensen A., 1998: „On Kings, Pietism and Rent-seeking in Scandinavian Welfare States". *Acta Sociologica*, 41, 363-375.

Swift A., 2004: „Would Perfect Mobility Be Perfect?" *European Sociological Review*. Vol. 20, No. 1, pp. 1-11.

Večernik J, 1996: *Markets and People. The Czech Reform Experience in a Comparative Perspective*, Avebury, Aldershot.